# MILITARY ACTIVITIES OF BULGARIAN AND SERBIAN ARMY DURING THE FIRST WORLD WAR IN 1915

**Oliver Cackov**
University ,,Goce Delcev,, – Stip, Republic of N.Macedonia, oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Abstract:** The title of the paper indicates that it is focused on the beginning of the First World War, among the bloodiest and most tragic ones, as well as the number of human casualties. Also, according to the proportions and theories where this war has been waged, it has surpassed all the former ones. The topic provides sufficient space for the military operations of the Bulgarian Army, economic, political and health life, as well as the sense of this period and their consequences. The value of the paper is enriched with data on many geographic, topographic and military maps that point to the position and movement of the Bulgarian army in the period of September and October 1915. The significance of this paper is in the reality of the presented events, which are still present in this region in the present time.
**Keywords:** war,maps, negotiations, analyzes, operations

# ВОЕНИТЕ АКТИВНОСТИ НА БУГАРСКАТА И СРПСКАТА АРМИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО 1915 ГОДИНА

**Олвер Цацков**
Универзитет ,,Гоце Делчев,, – Штип, Република С. Македонија

**Резиме:** Самиот наслов на трудот укажува дека се работи за почетокот на Првата светска војна, една до тогаш, најкрвата и трагична, како и по бројот на човечките жртви . Исто така и по резмерите и територијата каде е водена оваа војна, ги надмиала сите дотогашни. Во темата е даден доволен простор за воените операции на бугарската и српска армија , економско политичкиот, здравствениот живот како и духовниот во овој период и нивните последици. Трудот е збогатен со податоци за многу географски, топографски поими кој детално ја опишуваат положбата ,движењето на бугарската армија во периодот од септември и октомври 1915 година. Значењето на овој труд е во реалноста на прикажаните настани кој и до денес се актуелни на овие простори. Посебно место е дадено на Солунскиот фронт и битката на Криволак една од најкрвавите колежи во текот на Првата Светска војна. Битка ја покажала целата бесмисленост и апсурдност и извршени од двете завојувани страни. Големата војна всушност не преставувала само војна на војници туку и војна на цивили,вклучени во паравоени одреди во помош на едната или на другата армија.Во првата половина на месец октомври 1915 година Македонија се претворила во крваво боиште од една страна англо-францускитe од друга страна бугарските војници. Србија пак ,преставувала синоним за отпор против Централните сили. Значењето на овој труд се состои во реалноста на настните прикажани во него кој и до ден денес се актуелни на овие простори.
**Клучни зборови**:војна,карта,преговори,анализи,операции.

## 1. ВОВЕД

Војната од 1914-1918 година позната како Прва светска војна ги спротистави безмалку сите европските земји една против други. На бојното поле на Стариот континент имало војници војници од Америка како и од колонијалните војски од азискиот и афричкиот континент. Првата светска војна е една од дотогаш најстрашните и најкрвави војни, невидена дотогаш по својата бруталност и размер.
Учеството на Бугарија во Првата светска војна ги вклучува воените дејствија на Царството Бугарија.Таа се нарекувала ослободителна војна и го опфќала периодот од 14 октомври 1915 година кога Царството Бугарија му објавило војна на Царството Србија до 29 септември 1918,кога со Солунското примирје е потпишана капитулација. Во Бугарија во тоа време доминирала личната политика на Царот Фердинанд Сакс-Кобург (поранешен унгарски офицер и внук на Луис Филепеа). Инаку во Собранието на Царството Бугарија политчката состојба било составено од партии кој биле преставувани како напредни,либерални или демокрарски.Помеѓу нив Царот избирал Претседател на Владата. Ако,партиите му се спротиставувале тој го распуштал Собранието.Со лична доверба управувал со министерската криза и недозволувал ниту еден

политичар да стане премногу моќен во земјата. Од друга страна српскиот политички живот бил со прилично различено миље. Кралот Петар I Караѓорѓевиќ кога ја свикал Народната Скупштината одлучил да управува според Уставот, потпирајќи се на Радикалната партија која имала апсолутно мнозинство. Долго време Бугарија била убедувана од двете главни сили, Антантата и Тројниот сојуз да се вклучи во војна, но таа поради својата економска и демографска деградација од претходните две Балкански војни одбила да учествува во Големата војна на европските народи прогласувајќи неутралност. Таквиот став на Бугарската влада наиде на симпатиии кај позицијата и кај опозицијата. Првобитната реакција на двата спростиставени воени блока,била слична. И едните и другите не и придавале важност на одлуката на Бугарија бидејќи биле убедени дека војната ќе треа многу кратко. Сепак, поради нејзината стратешко-географска положба и добро подготвена армија била посакувана како сојузники кај двата воени блока. Но, било многу тешко, да се задоволат аспирациите на Бугарија,кои вклучувале териториjални аспирации кон сите соседни држави.
Берлин , а особено Виена добро процениле дека Бугарија и покрај се спремна да интервенира против Србија.Централните сили се нашле во поволна позиција да ги исполнат барањата на Бугарија и да ја придобијат за истата да се вклучи во војната во 1915 година.[62] Антантата за да ја придобие Бугарија и ветила по победата дека цела Македонија ќе влезе во состав на Бугарија. Државниот врв на Бугарија се оглуши од нотата на Антантата од почетокот на септември 1915 година со која на Бугарија и ветиле сите македонски краеви кои по Балканските војни и припаднале на Србија.Бугарија засилено преговарала со Централните сили и на 6 септември 1915 година склучила таен договор со Германија со која на Бугарија и се гарантирало дека ќе ги добие,односно ќе ги анектира двете зони, спорната и неспорна во Македонија. Како и дел источно од реката Вардар што порано ја запоседнача српската војска.

Независно од тоа што Бугарија по површина и бројност на население била најмала членка на Сојузот нејзиниот придонес бил од големо значење. Наспроти, протестите на опозицијата, Владата на Радославов одлучила да се приклучи на војна на страна на Герамнија. Поради тоа на 29септември била објавена општа мобилизација во Бугарија. Така на 14 октомври со Манифест за бугарскиот народ на Цар Фердинанд, Бугарија и објавила војна на Србија. Во содржинана на истиот се вели „Бугари вие сите сте сведоци за моите вонредни залагања и напори што ги правев во изминатата една година,од како трае Европската војна,за да го одржиме мирот на Балканот и спокојството во државата. Јас и Владата се грижевме досега да ја одржиме неутралноста за да ги постигнеме идеалите на народот на Бугарија. И, двете завојувани групи на воени сили ја признаваа големата неправда која ни е направена со поделбата на Македонија. Тие се согласуваат дека најголемиот дел од Македонија требаше да и припадне на Бугарија...само нашата подла сосетка остана упорно отфрлајќи ги советите на своите пријатели и сојузници...затоа заповедам на нашата храбра војска да го протера непријателот од пределите на Царството..ние ќе војуваме против Србија едновремено со храбрите војски на Централните сили“.[63]

## 2. ВОЕНИ АКТИВНОСТИ

По објавувањето на овој Манифест Бугарија и објавила војна на Србија.Според оперативните планови за напад на Србија изработен од Фелдмаршалот Фон Макензен Првата бугарска армја требало да ја нападне Србија од исток во правец на Ниш. Таа била концентрирана долж српската граница во правец Дунав-Трн.Втората,пак, Армија требало да настапина централно македонскиотправец која имала за цел да ја пресече врската помеѓу Скопје-Солун за да го оневозможи спојувањето на српската со француско-англиските војски стационирани во Солун. Во Добруџа биле стационирана Третата Армија.
Со победите на српската војска против Австро-Унгарската и германска војска 1914 година таа стекнала голем авторитет на Балканот и пошироко. Но, во почетокот на 1915 година војската била преморена, исцрпена и проредена од големиот број на жртви и војници исфрлени од строј. Австро-Унгарската и Германска војска започнала операција во Србија. Напредувајќи германската војска оставала пустош зад себе, што предизвикало населението да се повлекува пред налетот на војската. Кон бедата и проблемите што ги наметнувала војната се придружила и “верниот сојузник на војните“- заразните болести. Во овој случај тифусот од кој не биле поштедени како ни населнието така и војниците. Разгорувањето на епидемијата го потпомогнал недостатокот на лекови медицински персонал,непознавањето на епидемијата и се помалиот број на лекари бидејќи болеста и нив не ги поштедувала. Тоа ја намалувало и мотивацијата и

[62] Hall,R.Bulgaria in the First World War,Historian,Sofia.2011
[63] Велики рат Србије 1915 година,кн.10.Београд .1925

оперативната способност на војската. Смирувањето на фронтот во почетокот на 1915 година ќе овозможи Врховната команда да ја искористи во стимулирање на војската за подобар распоред и подготовки за нови операции. Влегувањето на Бугарија во војна против Србија ,Англо-Француските сили со Солунскиот мостобран преставувале заначајна воена сила и не можеле да им зададат некоја посериозна поткрепа на сојузничките српски војници. Тие прв пат стапиле во воено  дејство кога во октомври 1915 година Бугарските војски навлегле во Вардарска Македонија. Во две групи Англо-Француските сили навлегле во долината на реката Вардар до Криволак и кон потегот Струмица- Валандово и Струмица влегле во отворен судир,но откако претрпеле пораз побрзале да се повелчат во логорите во околината на Солун. Така Англо-Францускиот обид да се запрат бугарските војски и да и да им се помогне на српските единици завршиле со неуспех.

Во Македонија, со цел да ја штити Вардарската долина српската војска ангажирала две дивизии,Вардарската и Брегалничката. По нападот " на бугарските војски и нивното заземање на Скопје на 20 октомври 1915 година,главините сили од овие српски единици Вардарската и Брагалничаката дивизија се повлекле кон Косово, а долж реката Вардар и железничката линија од Велес до Гевгелија останале само неколку слаби српски единици со не повеќе од 10.000 војници. Главно станува збор за единици пополнети со постари  луѓе со послабо вооружување".[64]

Србија не можејќи повеќе да се задржи на својата територија, а за да го избегне уништувањето се повлекува. И,тоа тргнала преку планините на Црна Гора и Албанија

Со почнувањето на војната бугарската  команда се стационирала во Ќустендил и се подготвувала да ги активира трите бугарски армии. Првата бугарска армија настапила во Источна Србија  и брзо навлегла во средното Поморавје.Задачата на Втората Армија била насочена кон Македонија била двојна: да ја заземе Македонија и да го заштитува беломорскиотбрег и границите кон Грција. Во исполнувањето на прввата и главна задача Втората Армија настапувала во пет колони. Веднаш по преминувањето на српско-бугарската граница единиците од Втората бугарска армија се впуштиле во прогонување на српските војски, чиј отпор во Македонија бил многу слаб. Уште на 15 октомври бугарските единици го зазеле Царево Село (Делчево),Пехчево, Берово,Крива Паланка и се доближиле до Куманово. Од 18-22 октомври ги зазеле Штип, Велес,Куманово и Скопје.Во овие критични денови за српската војскакога таа незапирливо се повлекувала пред своите противници во Македонија, Антантата со своите трупи се обидувала да и помогне. Француските трупи под команда на генералот Сарај во две колони тргнале од Солун кон Битола и Скопје. Првата колона низ Мегленско и Леринско се пробила кон долината на реката Црна односно кон нејзиното устие во Вардар, со цел да се поврзат со српските сили. Другата колона директно од Солун по долината на реката Вардар се пробила  15 км јужно од Велес. Концентрацијата на силите била на линијата Гевгелија-Криволак.

За дејствување против Србите сојузниците на Бугарија формирале две армии.Третата Австро-Унгарска армија,две австриски и три германски дивизии и 11-Гераманска армија составена од Пешадиски дивизии снабдени со тешка артирелија.[65]По заземањето на Скопје и пресекувањето на комуникацијата помеѓу главнината на српските и француските војски, за операциите против нив биле ангажирани 7 Рилска пешадиска дивизија, Коњаничка дивизија, делови од 5-та Дунавска дивизија ,Тракиската и 11-та Македонска дивизија. Во составот на дивизијата биле вклучени претежно војници родени во Македонија. За пополнување на оваа бригада било ангажирано и раководството на ВМРО.

За да обиколат српската војска на териториајта на Србија, германските и австро-унгарските сили продолжиле кон југ во правец кон Крагуевац.Од исток нападнала бугарската Прва армија во правец на Ниш, а Втората армија кон долината на рекате Јужна Морава и Вардар. Поради силниот отпор на српските сили и тешкиот терен и германски-австро-унгарските сили  настапувале многу споро. Бугарската Прва Армија била запрена на границата,додека Бугарската Втора Армија на 16 октомври 1915 година избила на планината Власина и во долината на реката Јужна Морава кај градот Врање и ја пресекла Моравско-Вардарска комуникација. Бидејќи српската војска со нападот на Бугарија била доведена во тешка ситуација, српската Врховна команда на 15 октомври наредила да запре непријателското продирање на бугарските сили или  во краен случај да се задржи се со цел да се добие на време. Причината била едноставна,на Србија итно  и требало помош од страна на Сојузниците. Втората Бугарска армија била задолжена за навлегување и ослободување на Македонија. Нејзината задача била да ја нападне војската на Србија и преку Крива-

---

[64] Тодоров,П. Патот кон непознатото, Франкофонски круг,Скопје,2016.
[65] Генчев,А.Войните през третото българско царство 1877-1918,том 4, София 1935.

Паланка –Царево Село-Кочани да настапи  кон Овче Поле. Овчеполската операција траела од 14 октомври до 15 ноември 1915 година.Целта на нападот била да се разбие противнико во реонот и да се излезе на реката Вардар. За да се оневозможи обидот на српската армија да се соедини со сојузничките сили.[66]

Со навлегувањето на француските војски на територијата  на Србија.Тамошните малубројни српски единици биле заменети по што се упатиле кој Прилеп и Битола. Единствено неколку мали единици од Кавадарци,Гевгелија и Валандово ставени под француска команда останале активни во тој регион како заштита на железниката линија и во операциите со бугарските војски. Како помош на француските војски пристапиле и нерегуларните трупи кој биле ставени под команда на Јован Бабунски.Имено,под заповед на командантот на српската дивизија од Битола ,Бабунски со околу 50 четници кон средината на месец ноември им бил ставен на располагањена француските војски кој дејствувале во регионот на Тиквеш. Главна „задача на Бабунски и неговите четници била да дејствува како извидиница на француските војски, но и во операциите на гонење на четниците на ВМРО , кој исто така биле активни во регионот“.[67]

Големата војна всушност не преставувала војна само на војници туку и на цивили вклуени во паравоени одреди кој се ставиле на располагање и на обете војски. На територијата на Македонија во 1915 од страна на војските на Централните сили- Бугарија-Германија,Австро-Унгарија како и војските од силите на Антантата-Англија,Франција и Србија го создале Солунскиот фронт. Фронтот со концентрирање на сили од војските на  Антантата започнал во 1915 година во околината на Солун. Во средината на октомври до 10 ноември 1915 година во Солун се истоварила 57-та ,122-та и 156-та француска дивизија. Како и 10-та, 22-та,27-та британска дивизија,вкупно 65.000 француски и 85.000 британски војници.Тие сили биле наречени Источна војска и биле ставени под команда на францускиот генерал Морис Сарај.Нивната „задача била да го обезбедат сообраќајот по должината на железничката пруга. Да стапат во врска со Српската врховна команда и да го помогнат извлекувањето на српските трупи кон Велес и Грција“.[68] Оценувајќи го правилно огромното значење на железничката линија Солун-Ниш бугарската команда во соработка со Австро-Унгарија изработиле пал на нејзино саботирање и тоа на три пункта.И,тоа во близината на Митровица, Удово и Врање. Акцијата кај Удово била доверена на специјален одред составен од четити чети,батерија, и 50 четници на ВМРО.Таа акција поради низа слабости во Организацијата завршила неуспешно.

Во втората половина на месец октомври се до 13 декември,француските и делумно англиските војски обидувајќи се да им помогнат на своите српски сојузници,воделе жестоки борби против бугарската војска во Тиквешкиот и Гевгелиско-Валандовскиот регион. Оваа битка уште е позната во историјата како битката на Криволак. Битката на Криволак била една од најкрвавите борби во текот на Првата светска војна. Таа се одвивала кај селото Криволак ( на источнот дел во Тиквешката котлина распространет на обете страни од реката Вардар). Уште на почетокот се навестувало дека оваа голгота нема да заврши бргу. Тоа го констатирале и двете завојувани страни и Централните Сили и Антантата). Особено била трагична судбината на македонските војници кои за жал биле ставени во првите редови на фронтовата линија.Оваа битка ја покажала целата апсурдност на војната во која најмногу страдало  цивилното население. Ова го потврдиле и многубројните  учесници ,свидетели на овие настани. На населението им биле конфискувани основните прехрамбени продукти за потребите на војната, како и добитокот што бил користен од страна на бугарската војска. Многу од селаните од страв за своите животи масовно ги напуштале своите живеалишта. Овие места во близаната на Криволак не биле поштедени ниту од многубројните болести. Тие само дополнително ја влошувале и така неподнослива состојба. Битката на Криволак ја покажала целата бесмисленост и апсурдност на човечките  на двете завојувани страни. Таа била пример на човековата трагедија. Неподносливата победа на фронтот,неизвесноста,неизвесноста од исходот на војната, суровата дисциплинаи специфичната психичка состојба што неминовно сепојавувала од долготрајниот престој во рововоте,предизвикало бројни дезертирањаи предавање на војните.

Во моментот додека траел нападот во Криволак,главните борби во Србија се воделе на југ и во Косово. Бугарската армија на 26.октомври со делови од својата армија го зазеле Качаник. Српската војска се довела во незавидна ситуација,бидејќи била одвоена од сојузничките сили во долината на реката Вардар. Единствено место за повлекувањето на српската војска била патот помеѓу Шар Планина и Проклетија. Поради тоа војводата Путник се откажал од намерата  за противнапад и презел мерки за пробив од реонот на

[66] Българската армия во Първата световна война,том 1,1915-1916,София.2005.
[67] Тодоров.П..
[68] Стојчев,В. Воена историја на Македонија,Скопје,2000.

Качаник и по долината наВардар.Со ова тој имал за цел да се соедини со сојузничката војска кој од Солун стигнала до Криволак. Српската Врховна командана 26.октомври наредила повлекување во Јужна Морава на оние единици кој од Власина до Тимокја задржувале Бугарската Прва армија. Моравската Втора дивизија била упатена преку Лесковац и Приштина во клисурата кај Качаник. Главниот Штаб на српската војска на 29.октомври му укажала на генералот Сарај дека на српската војска и прети опасност да биде опколена и отсечена од Битола и Драч. Единствениот спас го гледале во сојузничката офанзива во правец Велес-Овче Поле-Скопје. Целта била истовремено да дејствува и српската војска која била стационирана на Косово во правец на Косово. Но, на овој повик не добиле одговор. Состојбата на српските војски во оваа ситација била многу тешка особено по губењето на северна Србија и по расцепувањето од Солунскиот фронт.По избивањето на српската војска на Косово,фелдмаршалот Мекензен ги прекинал сите операции мислејќи дека српската војска ќе се упати кон црногорските и албанските планини. Најтешко било повлекувањето преку Албанија.При преминувањето на тешко преодните и со снег покриени албански планини, српската војска бил десеткувана од глад и силниот студ. Оние што пристигнале на албанското крајбрежје биле префрлени на островот Крф од каде подоцна со реорганизираната француска војска била префрлена во околината на градот Солун. Во првта половина на месец октомври Македонија се претворила во крваво боиште на од една старана англо-француските од друга страна бугарската војска.Додека Србија преставувала синоним за отпор против Централните Сили и Бугарија.

Солунскиот фронт им даде можност на српската војска да по претрпената катастрофа во октомври и ноември 1915 да се рехабилитира, реорганизира и пополни со свежи сили и материјална опрема и да се стационира на Солунскиот фронт за да застана во составот со војските на Сојузниците како силна вооружена сила. Токму на овва војска ќе и падне главната тежина во изведувањето на битолските операции во 1916 година. Пробивот на Солунскиот фронтод 15-18 септември 1918 годинаи поразот на германските и бугарските војски го означил крајот на една до тогаш најстрашните војни во историјата на човештвото.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Во почетокот на Првата светска војна 1915 година, очигледно било дека обете војски се соочиле со низа тешкотии при војувањето.Уште самиот почетокот на војната навестил дека голготата нема бргу да заврши,а тоа го констатирале и двете завојувани страни. Почетокот на војната во вистинската смисла ја покажала бесмисленоста и апсурдноста на војната, во која како и обично најмногу страдало недолжното население. Неизвесноста на фронтот,неизвесноста од исходот на војната. Специфичната психолошка состојба што неминовно се појавувала од долготрајниот престој во рововите предизвикало неминовни и тешки последици по здравјето на војниците.Сето ова кулминирало со заразните болести кој ги десеткувале редовите на војниците на српската и бугарската војска. Самата мисија пак , на Сарај од воено гледна точка во 1915 година,не донесе никаков резултат туку напротив преставувал голем неуспех на обидите на француските и англиските војски за спојување со србите со цел да им помогнат во борбата против силите на Централниот сојуз.Сметам дека темата нуди интересни заклучоци кој би требало да го свртат вниманието на истражувачите за повторно подетално и постудиозно истражување на историјата на Првата светска војна на Балканот.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Българската армия во Првата световна война,том 1,1915-1916,София.2005.
[2] Воена Енциклопедија,том.2,Београд,197.1
[3] Велики рат Србије 1915 година,кн.10.Београд .1925.
[4] Генчев,А.Войните през третото българско царство 1877-1918,том 4, София ,1935.
[5] Катарџиев,И.(редактор) Историја на македонскиот наро,т4,ИНИ,Скопје,2000.
[6] Недев Н. България в Световната война 1915-1918,София,2001.
[7] Palmer A,The Gardeners of Salonika:The Macedonian Campagne 1915-191,Fabe and Faber,1965.
[8] Робинс К.Првата светска војна,Нампрес,Скопје,2015.
[9] Стојчев,В. Воена историја на Македонија,Скопје,2000.
[10] Стојанов,П.Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912-1918 година,ИНИ,Скопје,1969.
[11] Тодоров,П. Патот кон непознатото, Франкофонски круг,Скопје,2016.
[12] Hall,R.Bulgaria in the First World War,Historian,Sofia,2011.